## Организација на работата на училиштето

## УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Општинското основно училиште „Гоце Делчев“ е лоцирано во село Љубанци, општина Бутел и се вбројува во едно од најстарите училишта во Република Македонија.

Училиштето својата воспитно-образовна дејност ја започнало во 1866 година и во текот на своето долгогодишно постоење има претрпено многубројни промени.

Учебната 2022/23 година ја започна со 108 ученици, распоредени во 9 паралелки, 18 наставници.

Раководен орган на училиштето е директор **Силвана Терзиева.**

Орган на управување е Училишниот одбор, кој е составен од 7 члена, а претседател е родителот **Зоран Ацевски**.

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите на учениците е формиран Совет на родители чиј претседател е **Влатко Младеновски.**

За потребите на ВОР во училиштето работат психолог **Анета Мицевска** и дефектолог **Ивана Крстиќ**, библиотекар **Наташа Милошевска.**

Во училиштето наставата се реализира во училиштен простор со површина од 306,50 m²во кој се наоѓаат:

- 5 училници за одделенска настава
- 4 училници за предметна настава
- Фискултурна сала
- Кабинет за техничко образование
- Библиотека
- Кабинет пио информатика





Како прв европски јазик во сите одделенија се изучува англискиот јазик, додека францускиот јазик се изучува како втор јазик во VI, VII, VIII и IX одделение.

## Организација на работата на училиштето

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Наставата во училиштето се изведува во една смена од I до IX одделение во времетраење од 08:00-13:30 часот. Наставата се реализира преку:

1. Редовна настава.
2. Изборна настава:

- **1. Цртање, сликање, вајарство; 2. Фигури од хартија (IV одд.)**
- **1. Моден и компјутерски дизајн; 2. Заштита на животната средина (V одд.)**
- **1. Класична култура на европската цивилизација (VI одд.): 2. Театар, уметност на емоции**
- **Проекти на музичката писменост (VII одд.)**
- **Танци и народни ора (VIII одд.)**
- **Вештини на живеење (IX одд.)**

Дополнителна настава се организира за учениците кои се соочуваат со потешкотии во учењето и на кои им е потребна помош во текот на наставната година.

Додатна настава се организира за учениците кои покажуваат значителни интереси и резултати по одделни предмети

Слободните ученички активности се организираат со учениците од одделенска и предметна настава и имаат примарно значење за развивање на личниот интерес на учениците, преку следниве секции:

**-Млади математичари** **-Млади биолози**
**-Млади историчари** **-Млади географичари**
**-Љубители на англискиот ј.** **-Драмска секција**
**-Млади французи** **-Ритмичка секција**
**-Ликовна секција** **- Млади актери и млади литерати**

Проширената програма на основното училиште опфаќа прифаќање и заштита на учениците од I, II и III одделение еден час пред започнувањето на часовите за редовна настава и еден час после завршување на часовите, во согласност со родителот.

Во училиштето постои програма за работа со надарени ученици во одредена област, ученици кои покажуваат посебен талент и интерес за одреден предмет.

**ИНТЕРНАТ**

Во состав на училиштето работи и Интернатот. Во него се сместени деца од социјално загрозени семејства и ги згрижуваме во соработка со ЈУМЦСР-Скопје.

Учениците престојуваат во Интернатот од понеделник до петок, а за време на викендите си заминуваат кај нивните семејства. Учениците ја посетуваат редовната настава во училиштето, а по наставата за нив се грижат 2 воспитувачи.

## Организација на работата на училиштето

## ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

### Училиштето организира

Еколошки акции
Културно уметнички активности
Натпревари
Работилници
Базари
Излети и екскурзии
Посети на Планетариум, Собрание на РСМ

### Во нашето училиште се реализираат следните проекти

Образование за животни вештини
Интеграција на еколошката едукација преку интегрирани содржини во наставата
Проект за меѓуетничка интеграција во образованието.
Зајакнување на демократската клима во училиштата

### Планирани активности за 2023-24 година

-Свечен прием на првачиња
-Активности по повод Детската недела
-Свечено одбележување на прием на првачиња во детската организација
-Типизирано предавање „Младите и насилство“
-Типизирано предавање „Антикорупциска едукација на младите“
-Предавање од областа на здравствената заштита и образование
-Учество на меѓународни литературни конкурси
-Редовни систематски прегледи
-Одбележување на Денот на шегата -1 Април
-Завршна годишна приредба и други активности.

### Приоритети во реализирање на воспитно-образовната работа

- **Зголемување на бројот на стручни предавања од страна на надворешни лица и институции**
- **Подобрување на афирмацијата на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието**

# Вклученост на родителите во работата на училиштето

**СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ:**

Според член 127 од Законот за основно образование („Службен весник“ бр.116/2019)

**став 1**-за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите на учениците се формира Совет на родители на училиштето

**став 2-** Во советот на родители има еден претставник од секоја паралелка којшто го избираат родителите односно старателите, на родителскиот состанок на паралелката. Мандатот е 3 (три) години

**став3**-првото свикување на советот на родители го врши директорот на училиштето

**УЧИЛИШЕН ИНКЛУЗИВЕН ТИМ (УИТ):**

Според член 16 од Законот за основно образование („Службен весник“ бр.116/2019)

**став 1-** Во основното училиште директорот формира училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим на ученик кој работи по индивидуален образовен план (ИОП) или по модифицирана наставна програма од член 30 од овој закон

**став 2-** УИТ е со мандат од 3 учебни години и е составен од 7 члена: педагог/психолог/социјален работник, 2 наставници од редот на вработените (1 од одделенска и 1 од предметна настава), 2 родители/старатели, специјален едукатор и рехабилитатот(дефектолог) и директор. УИТ ги осмислува и спроведува активностите на ниво на цело училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа

**став3-** Инклузивниот тим за ученик (ИТУ) е за период до завршување на основното образование на ученикот и е составен од: наставниците на ученикот, родителот/старателот, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор.**став 6-** ИТУ подготвува ИОП за ученикот со попреченост согласно неговите индивидуални потенцијали и потреби.

Членови во УИТ од ООУ „Гоце Делчев“, с. Љубанци се:

- директор: Силвана Терзиева
- психолог: Анета Мицевска
- спец. едук. и рехаб.: Ивана Крстиќ
- одделенски наставник: Билјана Маневска
- предметен наставник: Иванка Т. Милошевска
- родител: Маја Нешковиќ
- родител: Соња Костенцовска

# Права и обврски на учениците

**СЕКОЕ ДЕТЕ ИМА ПРАВО НА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ.**

**Член 8 став 1**- Основното образование е задолжително, трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди и тоа од 1-3, од 4-6 и од 7-9 одделение.

**Член 8 став 2**- Родителот односно старателот на ученикот (во натамошниот текст:родителот) е должен да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание.

**Член 22 став 1**- Основното воспитание и образование се одвива во основно училиште.

**Член 65 став 2**- Забрането е телесно, психичко и сексуално малтретирање и казнување на ученикот и понижувачко однесување и постапување кон него .

**Член 67 став 1**- Ученикот има право и обврска да ја посетува наставата и да учествува во воспитно-образовната работа што ја организира основното училиште

**Член 69** - Ученикот од здравствени причини може да биде ослободен од учество во одделни активности во наставата во основно училиште, врз основа на потврда издадена од соодветна здравствена установа.

**Член 70 став 1-** За секое изостанување на ученикот од наставата родителот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините на изостанувањето.

**Член 71 став 1-** На ученик кој наполнил 16 години, а сеуште не завршил основно образование, го продолжува образованието во рамките на програмата за основно образование за возрасни.

**Член 72 став 1-** Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно-образовната работа (ВОР) се применуваат следниве педагошки мерки: усна опомена, писмена опомена, укор, преместување на ученикот во друга паралелка и намалување на поведението.

**Член 73 став 1-** Ученикот има право на организиран или бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2 км од најблиското основно училиште.

***Сите податоци во брошурата се преземени од Законот за основно образование и Годишната програма на училиштето за учебната 2023/24 година**

## Општинско основно училиште „Гоце Делчев“ с. Љубанци – општина Бутел, Скопје



## БРОШУРА ЗА РОДИТЕЛИ

**за учебната 2023/2024 година**

***Мисија на училиштето:***
***„Заедно учиме полесно, побрзо и поквалитетно и имаме заеднички интереси“***

***Визија на училиштето:***
***„За сите ученици училиштето ќе биде дом во кој се почитува и негува различноста зошто сите деца се различни, со свои интереси и погледи кон животот но, пред сé се деца кои знаат само за љубов, дружење и игра“***


**Ул.7 бр.90 Љубанци-Скопје**
**Тел: +389 2 2661 250**
**E-mail: gocedelcev_ljubanci@yahoo.com**
**https://oougocedelcevljubanci.edu.mk/**